Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014 и 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) и член 15 од Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи - аптеки („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 198/2019), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на РСМ на седницата одржана на 30 септември 2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на лековите кои може да ги пропишуваат лекари во дежурна служба

### Член 1

Лекови кои може да ги пропишува на рецепт дежурниот лекар во дежурната служба на здравствениот дом, односно избраниот лекар кој дежура во дежурната служба што ја организира здравствениот дом, се следните лекови кои се наоѓаат на Листата на лекови за примарна здравствена заштита кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Листа на лекови):

| Генеричко име на лек - INN | Фармацевтска дозажна форма | Јачина |
|---|---|---|
| Ranitidine | таблети | ЈП |
| Metoclopramide | раствор за орална употреба | ЈП |
| Metoclopramide | таблети | ЈП |
| Carbo medicinalis | Таблети/гранули | ЈП |
| Nifuroxazide | суспензија | ЈП |
| Nifuroxazide | капсули | ЈП |
| Glyceryl trinitrate | сублингвален спреј | ЈП |
| Glyceryl trinitrate | лингвалети | ЈП |
| Glyceryl trinitrate | капсули/капсули со продолжено ослободување | ЈП |
| Furosemide | таблети | ЈП |
| Nifedipine | таблети/ капсули/ таблети со продолжено ослободување/таблети со модифицирано ослободување | ЈП |
| Aciclovir | крем | ЈП |
| Trospium | таблети | ЈП |
| Amoxicillin | суспензија | ЈП |

| | | |
|---|---|---|
| Amoxicillin | капсули/ таблети | ЈП |
| Cefalexin | суспензија | ЈП |
| Cefalexin | капсули | ЈП |
| Sulfametrole+trimethoprim | суспензија | ЈП |
| Sulfametrole+trimethoprim | таблети | ЈП |
| Ciprofloxacin | таблети | ЈП |
| Aciclovir | таблети | ЈП |
| Diclofenac | капсули/ таблети/таблети со продолжено ослободување/ капсули со продолжено ослободување/ таблети со модифицирано ослободување | ЈП |
| Ketoprofen | таблети/ капсули/таблети со продолжено ослободување | ЈП |
| Paracetamol | сируп | ЈП |
| Paracetamol | таблети | ЈП |
| Diazepam | таблети | ЈП |
| Salbutamol | аеросол | ЈП |
| Salbutamol | раствор за инхалирање | ЈП |
| Salbutamol | сируп | ЈП |
| Salbutamol | таблети | ЈП |
| Cetirizine | раствор за орална употреба | ЈП |
| Cetirizine | таблети | ЈП |
| Dexamethasone+Chloramphenicol | капки за очи | ЈП |
| Ciprofloxacin | капки за око и уво | ЈП |

*Напомена: ЈП– јачина на лекот во промет во РСМ (лекови во промет согласно Законот за лекови и медицински помагала).*

**Член 2**

При пропишувањето на лекови од член 1 на оваа Одлука на рецептен образец за пропишување на лек на товар на ФЗОРСМ, дежурниот лекар е должен во целост да ја применува важечката Листа на лекови за примарна здравствена заштита, односно дежурниот лекар е должен да ги почитува и ограничувањата дадени за овие лекови согласно Листата на лекови.

**Член 3**

Приватните здравствени установи аптеки кои имаат склучен договор со ФЗОРСМ, реализираните рецепти согласно прописите за лекови од член 1 од оваа Одлука кои се пропишани од лекари од дежурни служби, ги доставуваат до Фондот во посебна фактура.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.10.2019 година.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Фондот.

Број: 02 - 16333/5
01. 10. 2019 година
Скопје

Управен одбор / Bordi drejtues
Претседател / Kryetar
D-r Ridvan ASANI